МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
МЦМС>>

# МЦМС е-Билтен

Јуни 2013

БРОЈ 143

## Малку проекти и пари од ИПА за ромската заедница

На 13 јуни 2013 година во Скопје се одржа презентација на студијата „Искористување на ИПА фондовите за ромските заедници во Македонија“ што беше направена во рамките на иницијативата „Да се направи максимум со фондовите на ЕУ за Ромите“.

Александар Кржаловски, прв извршен директор на МЦМС и автор на истражувањето, ги презентираше главните наоди и заклучоци. Според истражувањето, доделени се два проекти (на странски организации/компании, за обезбедување услуги) со вкупна вредност од 628,623 €, што е само 1.5% од таа компонента ИПА 1 2008 компонента (и 26% од поткомпонентата за Демократија и основни права за таа година) или само 0.4% од вкупните ИПА средства договорени до крајот на 2012. Малку повеќе можности користат ромските граѓански организации/заедници преку ЕИДХР програмата (вон ИПА) каде биле доделени 3 проекти за Ромите, со вкупна вредност од 186.964 € или 10% од вкупниот буџет на ЕИДХР за тие три години. Дури и со доделените проекти (особено договорите за услуги) не е јасно дали придобивките од проектите завршиле во рамките на ромските заедници. Кржаловски се осврна и на другите делови од истражувањето кои се однесуваат на контекстот, статусот на Ромите во Македонија, политиките за Ромите, правната и институционалната рамка.

Надир Реџепи, проектен менаџер во Фондацијата Отворено општество во Будимпешта, се осврна на перспективите на ИПА фондовите за Роми. Тој потенцираше дека истражувањето одговара на прашањето колку фондови се дистрибуирани но не одговара на прашањето зошто е толку мал бројот на проекти и финансиски средства. Покрај ова, Реџепи укажа на уште еден проблем: Постојат проекти кои се финансираат од други извори, како што се на пример државните институции, но, според него, не постои синергија и синхронизација во намената на средствата. Тие се изолирани во проекти и постојат сами за себе. Тој смета дека граѓанскиот сектор треба да покаже повеќе активности за да стигне до фондовите на ЕУ, кои, од своја страна, бараат одговорност.



*Потребна е синергија и синхронизација на намената на средства кои треба да стигнат до ромската заедница*

По воведните презентации се разви дискусија. Учесниците кои беа претставници од државните институции ги кажаа своите видувања за интервенцијата на државата во подобрувањето на животот на ромската заедница. Тие зборуваа за инфраструктурните проекти во образованието и за проектите насочени кон мотивација на младите да се вклучат во образовниот процес. Дел од забелешките се однесуваа на бавните процедури на ЕУ заради кои активности кои биле програмирани во 2006 година се спроведуваат во 2013 кога можеби веќе не се потребни и не се релевантни. Елвис Али од Делегацијата на ЕУ сметаше дека треба да се направи напор да се дополни и прошири истражувањето со информации за други финансирани проекти. Дел од дискусијата беше насочена кон ревидирањето на Стратегијата за Роми, донесена во 2004, а потоа и за ревидирање на Акциските планови. Претставниците на граѓанските организации се заинтересирани да знаат зошто нивните проекти не поминуваат на јавните повици за ИПА фондовите, посебно во светло на лошата финансиска состојба во која се наоѓаат. Истражувањето направи појасна слика за тоа колку од ИПА фондовите на ЕУ завршуваат кај ромската заедница во Македонија, но отвори и други прашања на кои во иднина треба да се одговори.

## Од норма до пракса за еднаквост

МЦМС заедно со Полио плус ќе го спроведуваат проектот „Од норма до пракса“ посветен на следење на спроведувањето на Законот за спречување и заштита од дискриминација (ЗСЗД), на поддршка на работата на Комисијата за заштита од дискриминација (КЗД) и истражување на степенот на дискриминација по различни основи во Македонија.

Проектот има три компоненти: Подигање на свеста на јавноста и носителите на одлуки; Зголемување на видливоста и капацитетите на КЗД; и Соработка за борба против дискриминацијата. Активностите се дебати и анализи за состојбата со дискриминација на различни основи, веб-страница и бесплатна телефонска линија на КЗД, Водич за граѓаните „Од жалба до решение“, годишен извештај на КЗД, скроени тематски обуки, јакнење на Секретаријатот за КЗД, преглед и проценка на локални политики и пракси за заштита од дискриминација во десет општини, состаноци со собраниски комисии, истражување „Барометар за еднакви можности“ и др.

Проектот е финансиран од програмата на Европската Унија „Прогрес“, а ко-финансиран од водечката организација Полио плус, МЦМС и Министерството за труд и социјална политика (МТСП), и ќе се спроведува до февруари 2014 г.

## Започна ангажирањето на жени од малцинските заедници во локалните претпријатија

Остварени се првите ангажмани за обука на заинтересираните кориснички во локалните претпријатија во рамките на проектот „Оспособување на жените погодени од конфликтот“. Пет жени од тетовскиот и од скопскиот регион во јули 2013 г. ќе започнат со тримесечна обука низ работа. Пред почетокот на обуката со повеќето идентификувани кориснички од овие региони беа направени консултации, а со дел и интервјуа за запознавање со обуката и претпријатието.

Над 100 локални претпријатија и околу 300 жени од седумте општини: Липково, Сарај, Чаир, Јегуновце, Теарце, Желино и Маврово и Ростуша беа поканети да учествуваат во проектот. Од нив 45 претпријатија се вклучија во анкетата за пазарот на трудот и се подготвени да ги примат корисничките на проектот на обука низ работа.

Од разговорите и со корисничките и со претпријатијата може да се увиди мал јаз во побарувачката и понудата на работа сила. Корисничките одбраа занимања како што се шивачки, фризерки, готвачки, додека претпријатијата бараат продавачки, административни работнички (архива, сметководство и сл.), хигиеничарки и др. Од овие причини со секоја од корисничките се прават поединечни консултации, врз чија основа се прави спојувањето со претпријатијата. Исто така во јуни 2013 г. беа подготвени и куси биографии како на корисничките, така и кратки профили на заинтересираните претпријатија и начелно спојување.



## Граѓаните избраа – Патна и сообраќајна инфраструктура

Првата форумска сесија во општина Шуто Оризари се одржа на 31 мај 2013 година, во ОУ Браќа Рамиз-Хамид. Сесијата предизвика голем интерес и на неа присуствуваа 146 граѓани на општина Шуто Оризари и гости. Во име на имплементирачката организација граѓаните ги поздрави Димче Митрески, извршен директор на МЦМС, а потоа на присутните им се обрати и Градоначалникот општина Шуто Оризари, Елвис Бајрам.

Граѓаните имаа можност изберат една од трите теми, предложени од страна на општината и тоа: Комунална инфраструктура; Урбано планирање и Патна и сообраќајна инфраструктура. По гласањето, најголема беше поддршката за Патна и сообраќајна инфраструктура која доби 95 гласови.

„Ова е супер иницијатива, добро е што се вклучени граѓаните во целиот процес и што ни е дадена можноста да одлучиме што да се направи", рече Сафет Камбер, жител на Шуто Оризари. Целиот процес на форумите е многу добро смислен – и начинот и методологијата, па мислам дека ќе решиме многу од проблемите кои што ние како граѓани на оваа општина ги идентификувавме како најгорчливи", додаде тој. И неговата сограѓанка, Љиљана Хајдар, смета дека е добро што општината нашла партнер да ги реши најгорливите проблеми. „Морам да признаам дека уште од презентацијата мој фаворит беше темата Патна инфраструктура и среќна сум што доби најмногу гласови. Мислам дека е многу важно ние како граѓани да дадеме свој придонес со присуство на форумските сесии.

На оваа форумска сесија беше формирана и структурата на форумотграѓаните се определија за работа во една од следниве седум работни маси: Основна инфраструктура, Заштита на животната средина, ЕЛС и Совет на општина Шуто Оризари, Образование, Култура, Спорт и здравство и Бизнис сектор. На крајот од сесијата учесниците утврдија правила за работа по кои ќе се работи во текот на целиот форумски процес.



## Со дискусии до најприоритетните проблеми

На 18 јуни 2013 година, во Спомен домот АСНОМ во Делчево се одржа втората сесија од меѓуопштинскиот форум за Македонска Каменица и Делчево.



*Граѓаните ги претресоа сите проблеми од избраната тема*

На сесијата беше презентирана анализата на темата „Собирање смет" за која потоа, граѓаните идентификуваа проблеми и можни решенија за нив. Според дискусиите, голем приоритет за граѓаните е решавањето на проблемот со застарени возила и опрема за собирање смет, но и селекцијата на сметот и подигањето на свеста на граѓаните за тоа.

Граѓаните активно учествуваа во текот на целата сесија споделувајќи ги своите мислења, ставови и искуства поврзани со темата. Еден од нив, Малин Трајчевски изразувајќи го своето задоволство од форумот изјави дека е сигурен дека оваа дискусија „до крајот на последната сесија ќе доведе до решавање на најгорливиот проблем од областа на собирањето отпад во регионот на Делчево и Македонска Каменица". И Перса Стојановска смета дека ваквата дискусија води кон „дефинирање на најважниот проблем кој ги тишти граѓаните на двете општини."

Идентификуваните проблеми и можните решенија ќе бидат добра основа за работната група која меѓу двете форумски сесии ќе работи на подготовка на концепти за предлог проекти. Тие ќе бидат презентирани на третата форумска сесија што ќе се одржи на 16 јули 2013 година, во Македонска Каменица.

## Поволно даночно опркужување за ГО

МЦМС во соработка со Европскиот центар за непрофитно право (ЕЦНЛ) од Будимпешта, ги продолжуваат минатогодишните напори за создавање поволно даночно опкружување. Имено, Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ), меѓу другото, предвидува одредби заради кои се потребни измени во даночните закони кои треба меѓу другото да ги поддржат новините како што се директното занимавање со економски активности и статусот на организација од јавен интерес.

За таа цел, а врз основа на Анализата на даночното опкружување изготвена исто така од МЦМС минатата година, група експерти подготвија предлог-измени на даночните закони (Закон за персонален данок на доход, Закон за данокот на добивка, Закон за даноците на имот и Законот за данокот на додадена вредност) во одредбите кои се однесуваат на граѓанските организации.

Овие измени се во насока на поддршка на една од целите на првата приоритетна област, „Развиен и одрлжив граѓански сектор", од Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор 2012 – 2017, а тоа е придонесот кон развојот на граѓанските организации преку стекнување со добивка и даночни олеснувања.

Во овој период се одвиваат консултативни состаноци со претставници на граѓански организации, кои започнаа со состанокот на 26 јуни 2013 г. во Битола. На овие настани граѓанските организации имаат можност да дискутираат и да ги споделат своите ставови и мислења по однос на подготвените предлог-измени, како и да предложат подобрувања и други измени врз основа на нивното искуство и секојдневно работење.

Активностите се дел од проектот „Овозможувачка правна рамка" поддржан од ЕЦНЛ и Американската агенција за развој (УСАИД). Целта на проектот е придонес кон ефективно спроведување на Законот за здруженија и фондации (ЗЗФ) и подобрена даночна околина за граѓанските организации.

## Работилница за проценка на влијанието на регулативата

Марија Саздевски и Симона Огненовска од МЦМС, учествуваа на тридневна работилницата на тема „Проценка на влијанието на регулативата (ПВР) – алатки и методи" што се одржа од 4 до 6 јуни 2013 г. во Охрид.

Целта на работилницата беше да го продлабочи партнерскиот однос и разбирањето помеѓу државните институции и јавниот, деловниот и граѓанскиот сектор во проценката на влијанието на регулативите. Оваа корисна алатка може да обезбеди вклучување на засегнатите страни во процесот на изработка на закони и давање аргументирани предлози за решавање на утврдените „проблеми" во конкретните области.

Учесниците се запознаа со значењето на ПВР како алатка за анализа на сегашната состојба и предвидување на иднината и фазите на нејзина реализација. Низ практична работа на конкретни случаи беа разгледани и аналитичките алатки за проценка на фискалните импликации (мулти-критериумска анализа, анализа на ризици, cost-effectiveness анализа, модел на стандардни трошоци и cost-benefit анализа). Овој процес обезбедува низа можности за граѓанските организации, а најзначајна е активното вклучување во сите фази на подготовка на политики и можноста да се влијае врз предложените решенија на едноставен начин.

Работилницата беше организирана од страна на Министерството за информатичко општество и администрација (МИОА) во рамките на проектот „Унапреден регулаторен процес во Македонија", поддржан од Британската амбасада во Скопје.